***Единствени*** *во определбата дека изборот на името на една држава е прашање на внатрешните околности и дека Република Македонија има неотуѓиво и со ништо неограничено меѓународно правно признато - право на името Република Македонија;*

***Тргнувајќи*** *од констатираните заеднички определби дека спорот за името треба да се префрли од политичкиот на правниот терен каде на Република Македонија според меѓународното право и стојат на располагање четири меѓународно правно-признати механизми за употреба на името Република Македонија во Обединетите нации;*

***Согласни*** *дека не постои нешто, што би дало право на оваа генерација Македонци, во името на претходните и идните генерации Македонци да одлучува за името;*

***Уверени*** *дека Македонија има свои интереси да го одбрани името и дека оној што сака да работи на промена на името, тој може да се смета за добар Грк, добар Европеец или добар Натовец, но, не и за добар Македонец;*

***А,*** *длабоко загрижени за иднината на нашата држава и засегнати од негативните тенденции на власта во Македонија за промена на името како битна конституента на македонската национална свест и македонската нација;*

***Ние,*** *претставниците на опозициските политички партии во Република Македонија, здруженија на граѓани и невладини организаци од земјата и светот, сплотени и единствени околу прашањето за неизлегување на референдумот на 30 септември 2018, донесуваме*

## МЕМОРАНДУМ ЗА СТРАТЕШКА СОРАБОТКА

### Цел на соработката

Собранието на Република Македонија, спротивно на стремежите на македонскиот народ и поголем дел од граѓаните на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2018 година донесе одлука за распишување на референдум за промена на името на 30 септември 2018.

Република Македонија има непристоен предлог за промена на име, идентитет, јазик, историја и култура во замена за иден неизвесен факт - членство во НАТО и ЕУ. Во изминатиот период Татковината беше цел на обоени револуции, терористички напади и социјален инжинеринг за рушење на волјта на народот и нејзините институции и инсталирање на структури кои ќе го одработат геостратешкиот проект - промена на име.

Завладеа теророт во државата, насилство, уцени, закани, медиумскиот простор се претвори во најстрашно едноумие, се врати досието за македонски екстремизам, се гони секој Македонец кој може да поведе народ и кој си ја сака Татковината. Живееме во услови идентични како од фашистичката окупација.

Тргнувајќи од ваквата состојба, здружувајќи ги силите и користејќи ги сите патриотски, стручни и научни потенцијали, се обврзуваме пред македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија, вистински и патриотски, а не лажно и предавнички, да понудиме решение за одбрана името определувајќи се да го повикаме македонскиот народ и сите граѓани на Република Македонија да не излегуваат на референдумот на 30 септември 2018 година.

Инсталираната влада преку државниот удар има за цел да организира референдум за промена на името, да се натера Македонецот да се самоукине и од здрав плодороден народ, да се претвори во хибрид на западниот социјален инжинеринг. Меѓутоа, вистината и правдината е на другата страна, а каде е вистината и правдината, таму е и силата, единството и народот.

Ние сме единствени и стоиме исправено на својата земја и држава Република Македонија, како Македонци и Ви се обраќаме на македонски јазик. Неизлегување и бојкот на референдумот кој е геноциден проект врз македонскиот народ и одговорност за понижувањето и државниот удар врз Република Македонија.

Прекин на преговори со организации кои бараат промена на име. Македонски национални црвени линии - името Република Македонија за внатрешна и меѓународна употреба.

**Активности и механизми за остварување на соработката**

Формирање на Кризен штаб за референдумот со по еден претсавник од секој потписницик на овој Меморандум како национално тело кое ќе утврди План на активности. Кризниот штаб ќе раководи со работата на терен, следење и реализација на Планот на активности во кој ќе бидат вградени решенијата за успешен бојкот на референдумот.

Заради обезбедување од ризик за фалсификување на резултатите од референдумот, во согласност со Изборниот законик, ќе се кредитираат набљудувачи на гласачките места на денот на гласањето, со овластување од Државната изборна комисија за набљудување на гласањето.

Кризниот штаб за референдумот е во постојано заседание. Работата е транспарентна и отворена за јавноста. Кризниот штаб одлучуваат со мнозинство од присутните.

Координиран настап кон средствата за јавно информирање за реализација на заеднички поставената цел. Кризниот штаб ќе води јавна пропаганда за референдумот преку јавно собирање и други настани, јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, медиумско и интернет претставување и дистрибуирање на печатени материјали.

Јавната пропаганда ќе се води под слоганот: МАКЕДОНИЈА - БОЈКОТИРА

Овој  Меморандум е отворен за пристапување на сите македонски политички партии, македонски организации, поединци од земјата и светот.

**Времетрање на соработката**

Соработката ќе се остварува се до остварување на целта утврдена со овој Меморандум.

Соработката може да биде продолжена и по рефередумот на 30 септември 2018 година, а по претходно меѓусебно усогласување на ставовите.

Меморандумот е изготвен во соодветен број еднообразни примероци од кои по еден за секоја страна.

Овој Меморандум влегува во сила на денот на неговото потпишување.

Силно убедени дека ваквата цел е достижна, ние претставниците на опозициските политички партии во Република Македонија, здруженија на граѓани и невладини организаци од земјата и светот, сплотени и единствени околу прашањето за неизлегување и бојкот на референдумот на 30 септември 2018, го потпишуваме Меморандумот за стратешка соработка, уверени во остварливоста на нашата цел, заеднички ангажирајќи се на локално и на национално ниво.

**ПОТПИСНИЦИ**

________________________________

**Јанко Бачев** - ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА

________________________________

**Филип Петровски** - ВМРО-ДПМНЕ - ДЕМОКРАТСКА ФРАКЦИЈА

________________________________

**Љупчо Палески** - ТРЕТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ

________________________________

**Страшко Олумчев** - СЕМАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ - МАКЕДОНИУМ

________________________________

**Љупчо Алексовски** - ФРОНТ ЗА ДЕМОКРАТСКА МАКЕДОНИЈА - ФРОДЕМ

________________________________

**Жарко Гроздановски** - ХРИСТИЈАНСКО БРАТСТВО

________________________________

**Драган Угриновски** - МАКЕДОНСКО ПАТРИОТСКО ЗДРУЖЕНИЕ ТВРДОКОРНИ

________________________________

**Зоран Јованчев**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА МАКЕДОНСКО РУСКА СОРАБОТКА МИР

__________________________________

**Драги Стојковски** - ОРГАНИЗАЦИЈА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ОД КАНАДА

________________________________

**Смиле Петровски** - МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА ЕВРОПА

__________________________________

**Сашо Наумовски Лавче** - ОРГАНИЗАЦИЈА МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД АВСТРАЛИЈА

__________________________________

**Дејан Бошков** - ГРАЃАНСКО ЗДРУЖЕНИЕ АМАНЕТ 1903

__________________________________

**Ана Бобинкова** - ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗДРАВО, ДОСТОИНСТВЕНО И ВОЗВИШЕНО ЖИВЕЕЊЕ ПРЕРОДБА

__________________________________

**Владимир Змејковски** - ФОРУМ НА СЛОБОДОУМНИ ПАТРИОТИ

__________________________________

**Насто Палиоски** - ТРЕТА ОПЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА - ТОМ 2003

__________________________________

**Исмаил Бојда** - СОЈУЗ НА МАКЕДОНЦИТЕ СО ИСЛАМСКА ВЕРОИСПОВЕД

_______________________________

**Климе Новески** - ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА МАКЕДОНИЈА ПРЕД СЕ

__________________________________

**Ристо Мијаковски** - ДВИЖЕЊЕ МАКЕДОНСКА ПРЕРОДБА

__________________________________

**Љупчо Палески** - ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ТРЕТА РЕПУБЛИКА

__________________________________

**Драги Стојковски** - МАКЕДОНСКО МЕЃУНАРОДНО ДВИЖЕЊЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

________________________________

**Чедомир Цветановски** - НАУЧНО ДРУШТВО ЦЕНЕСИ

________________________________

**Марјан Камиловски** - МАКЕДОНСКО КОНЗЕРВАТИВНО ДВИЖЕЊЕ

________________________________

**Јосиф Белески** - НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА НАША СТРУГА

________________________________

**Јове Палашоски** - ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ МАКЕДОНСКИ КРВОПИС

________________________________

**Стојан Велковски** - ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И РАМНОПРАВНОСТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

________________________________

**Александар Таневски** - МАКЕДОНСКИ ТРИПЛЕРСКИ СОЈУЗ

________________________________

**Владимир Секуловски** - МАКЕДОНСКИ КЛУБ ШАРПЛАНИНЕЦ

________________________________

**Дарко Сандев -** ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ КРИН

________________________________

**Исмаил Бојда** - СОЈУЗ НА МАКЕДОНЦИ СО ИСЛАМСКА РЕЛИГИЈА

________________________________

**Бора Ристич -** ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И ЗАЧУВУВАЊЕ НА СРПСКИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

**Ирина Ѓурчиновска -** МАКЕДОНСКО - РУСКИ СОЈУЗ НА ЖЕНИ

**5 август 2018 година - Скопје, Република Македонија**